СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 05/25

Излегува по потреба 04.04.2025 година (петок) бр. 05 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 год.

1. Се прогласува, Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 год., која се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/2
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

П Р О Г Р А М А

ЗА ОДРЖУВАЊЕ И САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА

ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 година

Новаци, март 2025 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.174/21, 253/23 и 224/24) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр. 07/2019 и бр16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.03.2025 год. ја донесе следната:

ПРОГРАМА

одржување, санација и реконструкција на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување, санација и реконструкција на локалната патна мрежа (локлни патишта и улици) на подрачјето на Општина Новаци за 2025 год.

II. Средствата за одржување, санација и реконструкција на локалните патишта и улици во Општината Новаци се утврдуваат како:

ПРИХОДИ

1.Приходи од Јавното Претпријатие за државни патишта . . . . . .3.221.567,00 ден.

2.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2025 . . . . . .6.248.044,00 ден

Вкупно за локални патишта и улици . . . . . .9.469.611,00 ден

Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени:

1.Изградба . . . . **: 6.969.611,00 ден**

2.Зимско одржуавање . . . . . 1.000.000,00 ден

3.Проектна документација . . . . . 1.000.000,00 ден

4.Надзор . . . . . 500.000,00 ден

ВКУПНО: 9.469.611,00 ден.

СЕ ВКУПНО: 9.469.611,00 ден.

III. САНАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 год.

1. Изградба на локална улица во с. Грумази Б=3,50м Л=200,00м

1.1.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	900,00	35,00	31.500,00
1.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	180,00	1250,00	225.000,00
1.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	700,00	850,00	595.000,00
1.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	12,00	1250,00	15.000,00
			ВКУПНО :	**868.500,00**
			ддв 18% :	**150.840,00**
			СЕ ВКУПНО :	**1.022.470,00**

2. Изградба на локална улица во с.Бач Б=3,50м Л=150,00м

2.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	675,00	35,00	23.625,00
2.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	135,00	1250,00	168.750,00
2.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	525,00	850,00	446.250,00
2.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	9,00	1250,00	11.250,00
			ВКУПНО :	**649.875,00**
			ддв 18% :	**48.339,69**
			СЕ ВКУПНО :	**766.852,50**

3. Изградба на локална улица во с.Рибарци Б=3,50м Л=100,00м

3.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50 м	/м2/	450,00	35,00	15.750,00
3.2.Набавка,транспорт и вградување на тампон-дробеник за коловоз со д=20см /м3/ (тампонот е вграден во 2024 г.)				
3.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	350,00	850,00	297.500,00
3.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,	1250,00	7500,00
			ВКУПНО :	**320.750,00**
			ДДВ 18% :	**91.547,93**
			СЕ ВКУПНО:	**378.485,00**

4. Изградба на локална улица во с. Новаци Б=3,50м Л=300,00м

4.1.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	1.350,00	35,00	47.250,00
4.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	270,00	1250,00	337.500,00
4.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	1050,00	850,00	892.500,00
4.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	18,00	1250,00	22.500,00
			ВКУПНО :	**1.299.750,00**
			ддв 18% :	**233.955,00**

СЕ ВКУПНО : 1.533.705,00

5. Изградба на локална улица во с. Добромири Б=3,50м Л=200,00м

5.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	900,00	35,00	31.500,00
5.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	180,00	1250,00	225.000,00
5.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	700,00	850,00	595.000,00
5.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	12,00	1250,00	15.000,00
			ВКУПНО :	**866.500,00**
			ддв 18% :	**48.339,69**

СЕ ВКУПНО : 1.022.470,00

6. Изградба на локална улица во с. Живојно за Л =150,00 м

6.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	525,00	35,00	23.625,00
6.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	135,00	1250,00	168.750,00
6.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	525,00	850,00	446.250,00
6.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	9,00	1250,00	11.250,00
			ВКУПНО :	**649.875,00**
			ддв 18% :	**48.339,69**

СЕ ВКУПНО : 766.852,50

7. Изградба на локална улица во с.Скочивир Б=3,50м Л=100,00м

7.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50 м	/м2/	450,00	35,00	15.750,00
7.2.Набавка,транспорт и вградување на тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	90,00	1250,00	112.500,00
7.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	350,00	850,00	297.500,00
7.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,	1250,00	7500,00

ВКУПНО : **433.250,00**

ДДВ 18% : **77.985,00**

СЕ ВКУПНО: 511.235,00

8. Изградба на локална улица во с.Гермијан Б=3,50м Л=100,00м

8.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50 м	/м2/	450,00	35,00	15.750,00
8.2.Набавка,транспорт и вградување на тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	90,00	1250,00	112.500,00
8.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	350,00	850,00	297.500,00
8.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,	1250,00	7500,00

ВКУПНО : **433.250,00**

ДДВ 18% : **77.985,00**

СЕ ВКУПНО: 511.235,00

9. Ископување на стар асфалтен коловоз со Л= 500,00м и Б= 3.50м

10.1 Машински ископ- КОРНЕЊЕ на стар асфалтен , нарушен коловоз	/м2/	1.485,00	220,00	326.700,00

ВКУПНО :	**326.700,00**
ДДВ 18% :	**58.806,00**
СЕ ВКУПНО:	**385.506.,00**

10..Изработка на атмосферско одводнување од бетонски канавки 40/20/10 см врз подлога

од бетон	/м1/	50,00	1200,00	60.000,00

ВКУПНО :	**60.000,00**
ДДВ 18% :	**10.800,00**
СЕ ВКУПНО:	**70.800,00**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА

ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2025 година

1. **Изградба на локална улица во с. Грумази. 1.022.470,00**
2. **Изградба на локална улица во с. Бач. 766.852,50**
3. **Изградба на локална улица во с. Рибарци 378.485,00**
4. **Изградба на локална улица с. Новаци. 1.533.705,00**
5. **Изградба на локална улица во с. Добромири 1.022.470,00**
6. **Изградба на локална улица во с. Живојно 766852,50**
7. **Изградба на локална улица во с. Скочивир 511.235,00**
8. **Изградба на локална улица Гермијан 511.235,00**
9. **Ископување на стар асфалтен коловоз 385.506,00**
10. **Изведба на бетонски канавки 70.800,00**

ВКУПНО : 6.969.611,00

Со зборови: (шест милиони, деветстотини шеесет и девет илјади , шестотини едеинаесет денари) .

Програма за изградба, санација , реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година, влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност за сместување на Младински центар Новаци, во простории кои се сопственост на Општина Новаци

1. Се прогласува, Одлуката за давање на согласност за сместување на Младински центар Новаци, во простории кои се сопственост на Општина Новаци., која се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/3
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 и точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), и член од Статутот на Општина Новаци („Сл.гласник на Општина Новаци“ бр.07/19 и 16/24), член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“ бр. 10/20) и Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-932/1 од 07.04.2021 година донесен од Агенција за млади и спорт, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.03.2025 донесе

ОДЛУКА
за давање согласност за сместување на Младински центар Новаци во поростори сопственост на Општина Новаци

Член 1

Со ова Одлука, Општина Новаци дава согласност за сместување на Младинскиот центар Новаци во простории на дел од катот на зградата на на Младинскиот Културен Центар (МКЦ), кој се наоѓа на ул. 1, бб во Новаци, запишани во ИЛ бр.100004, КП бр.2005/2, кат 1, влез1, КО Новаци, сопственост на Општина Новаци.

Во горенаведените простории предмет на оваа одлука, Младинскиот Центар Новаци ќе биде сместен за пероид од 5 години.

Член2

Младинскиот Центар Новаци ќе се формира како место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики.

Член3

За работа на Младинскиот Центар Новаци се обезбедени финансиски средства во Програмата за Локален економски развој на Општина Новаци за 2025 година, бр. 14-841/13 од 17.12.2024г. за поддршка на младите и функционирање на Младински центар во Новаци.

Исплатата на финансиските средства ќе се врши врз основа на доставената Годишна програма за работа на Младинскиот центар.

Член 4

Висината на финансиските средства од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година се во процентуална вредност од 50% до 70% од потребните средства за реализација на поднесената Програма за работа на Младинскиот центар Новаци, но не повеќе од 450 000,00 денари.

Член 5

Општна Новаци преку Јавен повик кој што ќе биде објавен на WEB страната на општината, на транспарентен начин ќе изврши избор на младинска организација или организација за млади регистрирана во Централен регистар, која ќе раководи и управува со Младинскиот центар Новаци за период од 5 години.

Член 6

Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на МЈП „Пелалинк“ Битола за 2024 година

1. Се прогласува, Одлуката за усвојување на Завршна сметка на МЈП „Пелалинк“ Битола за 2024 година, која се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/4
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.03.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Завршна сметка МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2024 година, бр. 0501-30/1 од 11.03.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-312/6
25.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на дополнувањето на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год.

1. Се прогласува, Одлуката за давање на согласност на дополнувањето на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии за територијата на Општина Новаци за 2025 година, која се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/5
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.03.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на согласност на дополнувањето на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год.

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на дополнувањето на Годишната програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превоз на општинските линии за територијата на Општина Новаци за 2025 година. (бр. 102-29/1 од 06.03.2025)

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-312/7
25.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за отстапување на патничко возило PEUGEOT EXPERT во сопственост на Општина Новаци за потребите на МЈП „Пелалинк“ Битола

1. Се прогласува, Одлуката за отстапување на патничко возило PEUGEOT EXPERT во сопственост на Општина Новаци за потребите на МЈП „Пелалинк“ Битола, која се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/6
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл. весник на РМ“ бр. 78/15,106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 101/119, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.03.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на Општина Новаци на МЈП ,,Пелалинк”Битола

Член 1

Со оваа Одлука, се одобрува трајно отстапување на патничко возило „Peugeot Expert Traveller “, со регистарски таблички ВТ 7975 АЕ, година на производство 2020 г., во сопственост на Општина Новаци на МЈП ,,Пелалинк” Битола

Возилото е со следните податоци :

- Тип на возило:Патничко возило - Peugeot Expert Traveller
- Регистарски таблички : ВТ -7975 –АЕ
- Година на производство : 2020 год
- Работна зафатнина на моторот : 1499 cm^3
- Сила на моторот : 88 kW
- Број на моторот : 0037583
- Број на шасија : VF3VAYHVKZ07593

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-312/8
25.03.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Павилник за утврување на начинот, постапката и креитериумите за распределба на финансиски средства од Општина Новаци на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор

1. Се прогласува, Павилник за утврување на начинот, постапката и креитериумите за распределба на финансиски средства од Општина Новаци на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор кој се донесе на седницата одржана на 25.03.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-363/7
02.04.2025 г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), член 22-а од Законот за спорт („Сл.весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11,51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 49 и 54 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 239/22), член 29 од Законот за Црвен крст на Република Македонија с („Сл.весник на РМ“ бр. 41/94, 7/97,21/98 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 101/19) член 18 став 1 точка 6 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на ден25..03.2025 година, донесе:

ПРАВИЛНИК
за утврување на начинот, постапката и креитериумите за распределба на финансиски средства од Општина Новаци на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Новаци на програми, проекти активности, натпревари, настани, турнрнири и манифестации од областа на спортот, културата и поддршката на граѓанскиот сектор (во по натамошниот текст: Предлог/зи).

Целта на Општина Новаци е во рамките на своите законски надлежности и можности да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнуватања во областите на спортскиот, културниот и општествениот живот (локалниот и економскиот развој, обрзованието, културата, младите , техниката, науката, здраството, спортот, екологијата туризмот и други области).

Приматели на средства

Член 2

Буџетските средства се наменети за поддршката на следниве приматели на средства чие што седипште задолжително треба да биде во Општина Новаци:

- Професионален спорт
- Професионални акционерски друштва регистрирани на подрајчето на Општина Новаци
- Општински сојуз/и на училишен спорт
- Училични спортски клубови
- Регистрирани спортски клубови во средиште на Општина Новаци
- Здруженија од областата на спортот

- Сојуз/и на спортови
- Индивидуални спортисти жители од Општина Новаци
- Манифестации, турнири и проекти од областа на спортот, културата и општествениот живот во интерес на Општина Новаци организирани од здруженија на граѓани или месни заедници
- За граѓанскиот скетор, здруженија и фондации како и социјално хуманитарни здруженија во организации основани со закон, а кои согласно Статут се организации коишто се непрофитни, хуманитарни, независни организации на граѓани кои во својата работа го промовираат волонтиризмот;

Подносителот на предлог мора:

1. Да е регистиран согласно закон (правни лица)
2. Да има седиште во Новаци (правни лица) или да е жител на Општина Новаци (физички лица)
3. Е регистриран во националниот регистар согласно со закон за спорт (само за спортски клубови и здруженија); (правни лица)
4. Да работи исклучиво или претежно на непрофитна основа, освен ако со закон поинаку не е определно
5. е директно одговорен за подготовка и извршување на предлогот
6. претходно ја вршел дејноста најмалку една година – се однесува само за област НБО
7. успешно го реализирал одобрениот Предлог, доколку во предходните години бил носител
8. има капацитет за спроведување на предлогот – Не се однесува за месни заедници

Подносителот на предлогот **не смее:**

1. да е во постапка на ликвидација, стечај и е под привремена забрана за вршење дејност
2. има блокирање на деловната сметка во моментот на склучување на договорот за спроведување и транфер (уплата) на буџетски средства на деловна сметка
3. е казнет со правосилна одлука во последние две години за прекршок или економски прекршок во врска со неговото финансиско работење, користење имот, работа со деца или негативни појави во спортот.

Член 3

Висината на финансиските средства од членот 1 се обезбедуваат од Буџетот на Општина Новаци преку годишните програми на Општина Новаци, а кои се усвојуваат на седници на Советот на Општина Новаци а објавуваат во службен гласник на Општината (во натамошен текст; годишните програми).

Член 4

Распределбата на финасиските средства за примателите на средствата се врши врз основа на Јавен повик објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за комунбалнист дејности, сообраќај, урбанизам, заштите на животна средина и локален економоски развој на веб страната на општината.

Член 5

Во јавниот повик за областа која се однесува за спортски клубови, професионални спортски клубови, сојузи индивидуални спортисти – **Област спорт** содржи:

Формулар за аплицирање (кој во електронска форма може да се подигне од Веб страната на Општина Новаци).

Задолжителна документација потребна за аплциирање на спортските клубови:

- тековна состојба (централен регистар)
- документ со кои се докажува во која категорија апликантот учествува (супер лига, прва лига, втора лига, трета лига, општинска лига, младинска лига, кадетска лига, пионери)
- Изјава со којашто се потврдува од клубот дали наплаќа/ не наплаќа членарина (ја издава самиот клуб)
- Годишна програма за работа и функционирањето на спортскиот клуб, односно здружението
- Постигнатите разултати, успеси
- Детални разработен финансиски план за потребните средства за реализација на предлогот на финансирање т.е. програмата/проект (број на ангражирани лица, опис на трошоците по позиции)
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Новаци за претходната година (наративен и финансиски извештај)
- Информацијата каде и во кои спортски сали и/или спортски терени го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес
- Прилози, фотографии награди за предходната година.

Индивидуални спортисти

- Лична карта/патна исправа
- Трансакција сметка
- Постигнати резултати и успеси
- Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците на претходната година;
- Информација каде и во кои спортски сали и/или спортски терени извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес
- Прилози, фотографии, награди за претходната година

*****Спортските сојузи, индивудалните спортисти и здруженија пополнуваат податоци коишто ги имаат.

Заедно со јавниот повик, Општина Новаци на својата веб страна објавува образец формулар за аплицирање со останати потребни обрасци.

Примателите на средства можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка. (или да поднесат повеќе пријави за финасиска поддршка во разни областси на делување, но може да добијат средства само по еден основ по избор на комисијата).

Пријавите на предлозите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.

Доставните прилози не се враќаат.

Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назната " за комисија за финансии, буџет и локален економски развој, на надворешната страна на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област Спорт" целосното име и адреса на подносителот и натписот "Да не се отвора пред официјалното отварање".

Оправдани трошоци согласно правилникот се:

- плати, надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штраб врз основа на правилникот на клубот кој во писмена форма се доставува до Општина Новаци
- Оранизација на патување и престој на клубот во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки
- Изнајмување на сали или терени за натпреварување
- Набавка на промотивни материјали
- Плаќањето за изнајмување на деловен простор за работа на клубот во износ не поголем од 10% од добиениет средства годишно
- Патувања заради учество на стручни семинари, конференции и усовршувања, а по претходна одлука на органот на управување во спортскиот клуб
- Котизации и членарини во тела во кои членуваат
- Набавка на опрема и реквизити
- Плаќање на комунални трошоци
- Здравствена заштита, пензиско и инвадлиско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активните спортисти
- За организација на пријателски и меѓународни натпревари

Оправданите трошоци мора да се засноваат на реалнисте трошоци по вид и подвид на трошоци (наведени мерни единици, број на единици и цена по единица) а не на вкупниот износ, освен патните трошоци, дневници и индиректни трошоци.

Неоправдани трошоци согласно правилникот се

- Долгови и покривање загуби
- Каматни долгови

- Ставки кои се веќе финансирани од друга програма
- Трошоци за купување на земјиште и заради и капитални инвестиции, освен кога тоа е неопходно за спроведување на програмата
- Трошоци за загуби поради промени на девизниот курс на финансискиот пазар
- Трошоци за плаќање на рати врз основа на претходно скучени договори (лизинг, кредит и сл.)
- Купување на алкохолни пијалоци, безалкохолни газирани пијалози, брза храна и тутун
- Паркирање во земјата
- Осигурување на живот
- Казни
- Купување на подароци, освен за организацијата на спортски настани и во согласност со правилата на надлежната меѓународна спортска федерација
- Активно за поддршка на политчки партии
- "разно"

*сите трошоци мора да бидат детално опишано во програмскиот буџет.

Член 6

Во јавниот повик за областа која се однесува за здруженија и фондации

Област НБО содржи:

Формулар за аплицирање (кој може да се подигне од веб страната на Општина Новаци)

Задолжителна документација потребна за аплицирање на Здруженијата и фондациите е следната:

- Тековна состојба од здруженијата и фондациите (да се регистрирани минимум 1 година до објавување на јавниот повик)
- Годишната програма за работа и функционирање на здруженоето и фондацијата
- Предлог/прокет со кој ќе се развива културниот и општествениот живот во Општина Новаци
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Новаци за претходната година

Заедно со јавниот повик, Општина Новаци на собата веб страна објавува образец формулар за аплаицирање со останати потребни обрасци.

Примателите на средства можат да се поднесат само една пријава за финансиска поддршка. (или да поднесат повеќе пријави за финансиска поддршка во јавни области на делување, но може да добијат средства само по еден основ по избор на комисијата).

Пријавените на предлозите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.

Доставените прилози не се враќаат.

Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинскат архива со назнака “ за Комисија за финансии и локален економкси развој, на надворшната страна на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област НВО “целосно име и адреса на подносителот и натписот “Да не се отвара пред официјално отварање”.

Следните активности не се препорачуваат за доделување на финансиски средства:

- Индивидуални спонзорства за учество на работилници семинари, конфернеции, конгреси
- Индивидуални стипендии за студии или курсеви за обука
- Повремени конференции (освен ако се неопходни за успешна имплементација на проектот)
- Набавка на опрема (освен ако се неопходни за успешна имплементација на проектот)
- Финансирање на проекти кои се во тек или кои се завршени
- Проекти кои исклучиво носат добивка на поединци
- Проекти за поддршка на политички партии
- Финансирање примарно на подносителите на предлозите/проектите или нивните партнери
- Доделување грантови на трета страна

Член 7

Во јавниот повиок за областа која се однесува за натпревари, настани, турнири и манифестации (културни, спортски и други области) – **Област манифестации** содржи:

Формулар за арлицирање (кој може да се подигне од веб страната на Општина Новаци)

Задолжителна документација потребна за аплицирање

- Краток опис на оранизационата (за правни субјекти), лична биографија со доказ за постигнувања во областа во која аплицира (за физилки лица – не е потребно за МЗ и УЗ)
- Доказ за регистрација за вршење на дејност од областна на културата, спортот и др, со седиште на територијата на Општина Новаци (тековна состојба од Централен регистар) (важи само за правни субјекти)
- Лична карта/патна исправа со адреса на териотиријата на Општина Новаци
- Копија од трансакциска сметка

Заедно со јавниот повик, Општина Новаци на својата веб страна објавува образец формулар за палицирање со останати потребни обрасци.

Примателите на средства можат да поднесат повеќе пријава за финансиска поддршка. (Комисијата може да избере само еден или повеќе).

Пријавите на предлозите се непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат.

Доставните прилози не се враќаат.

Предлозите со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака ‘За Комисија за финансии, буџет и локален економски развој, на надворешнат астрана на пликот треба да се наведе точниот назив на повикот за поднесување предлози област Манифестации ‘целосното име и адреса на подносителот и натписот “Да не се отвора пред официјалното отворање”

Прифатливи трошоци за поддршката

Прифатливи трошоци за поддршката за манифестации и турнири се следните:

- Трошоци за подготвки и организација
- Изнајмување на штандови и/или бина
- Изнајмување на опрема (аудио и видео опрема, озвучување и осветлување, маси, столици, шатори/пагоди);
- Авторски договори
- Огласување со печатени и електронски медиуми (закуп на медиумски простор)
- Трошоци за награден фонд и награди за учесниците
- Трошоци за ангажман на лица неопходни за манифестацијата/турнирот (судии и други стручни лица) и набавка на промотивен материјал (покани, постери, летоци/флаери, банери, брошури, публикации каталог, зборник, видео или аудио реклама).

Следните активности не се препорачуваат за доделување на финансиски средства:

- Индивидуални спонзорства за учество на спостевни членови
- Набавка на опрема (освен ако ти се неопходни за успешна имплементација на проектот)
- Финансирање на предлози кои се во тек или кои се завршени
- Проекти кои исклучиво носат добивка на поединци, освен награди и признанија
- Предлози за поддршка на политички партии
- Финансирање примарно на подностителите на прокетите или нивните партнери
- Доделување на грантови на трета страна.

Член 8

Општина Новаци го задржува правото во Јвниот оглас па побара дополнителна документација или да воведи нови критериуми.

Член 9

Рангирањето на пристигнатите пријави на примателиа на средства ќе ја врши Комисија за финансии и локален економски развој при Совет на Општина Новаци.

По завршување на јавниот повик но не повеќе од 14 калдендарски дена од завршување на истиот, Претседателот на Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој, свикува состанок на кои се разгледуваат пристнатите пријави.

Комисијата има за право да побара достава на дополнителна документација од подносителот на барањето.

СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ по посебни категории

Член 10

Рангирањето на пристигнатите пријави од областа Спорт ќе ја врши Комисија а финансии, буџет и локален економски развој.

Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените апликации по која што ќе ги селектира и бодува согласно дадените критериуми.

Комисија за финасии, буџет и локален економски развој при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на бодови за сите критериуми.

Критериумите за оценување се дадени во следните табели:

Област спорт

Рангирање

Колекитвни спортови (кошарка, ракомет одбојка, фудбал и др.) – 4 критериуми

1.Ранг на натпреварување	**Поени**
Учество во меѓународни луги и натпревари	25
Првиа лига по ранг во федерацијата сојузот	20
Втора лига по ранг во федерацијата сојузот	15
Трета лига или пониски лиги по ранг во федерацијата сојузот	10
Регионална или Општинска лига	5
